Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 16.04.2024

На 16.04.2024 во 02.05 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Тетово. Тој се сомнили дека околу 01.00 часот од ул. „Благоја Тоска" во Тетово одзел патничко возило „фолксваген пасат" со тетовски регистарски ознаки, сопственост на М.С.(46) од Тетово, по што бегајќи со возилото оштетил друго патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, сопственост на Ш.С.(45) од Тетово. Возилото било пронајдено и вратено на сопственичката, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (16.04.2024) во 00.05 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода М.Ц.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.04.2024 во 23.00 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.04.2024 во Струмица, полициски службеници од Полициската станица Струмица ги лишиле од слобода К.Г.(20) од село Мокрино, струмичко и А.Т.Г.(26) од село Колешино, струмичко. При преглед на патничко возило „опел" со струмички регистарски ознаки, управувано од К.Г., во кое сопатник бил А.Т.Г., била пронајдена марихуана. Лицата биле задржани во полициска станица и за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.04.2024 во 21.25 часот во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово – Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода И.Б.(32) од Гостивар. При преглед во возилото, кое го управувал, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.04.2024 година во 09.15 часот во ОВР Кратово, Д.Ј.(56) од Кратово пријавил дека во населбата Долна крива јаболка во Кратово пронашол неексплодирана рачна бомба. Пиротехничар од Дирекцијата заштита и спасување Куманово ја подигнал бомбата за понатамошна постапка. Увид бил извршен.

Во текот на вчерашниот ден (15.04.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 220 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 96 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 124 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (15.04.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 188 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 25 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири мерки за управување под дејство на алкохол...

На 15.04.2024 во 21.15 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на локалниот пат за с.Подгорци, патничко возило „даеву матиз" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.М.(20) од с.Подгорци, струшко, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Струга.

На 15.04.2024 во 11.00 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека на регионалниот пат Делчево – Берово, на место викано „Даштица", атар на село Тработивиште-делчевско, патничко возило „фолксваген голф" со делчевски регистарски ознаки, управувано од М.У.(21) од Делчево, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увид екипа од ОВР Делчево.

На 15.04.2024 во 09.30 часот во Полициската станица Карпош, В.Ј.(50) од Скопје пријавила дека во дворно место на ул.„Демир Трајко" во Скопје била касната од куче со сопственик.

На 15.04.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.М.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„474" во Скопје била касната од куче скитник.

На 15.04.2024 во 18.23 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Г.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Финска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 15.04.2024 во 19.30 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Н.М.(40) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја, додека при претрес во неговиот автомобил „шкода" биле пронајдени и одземени дигитална вага и метален грендер. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во неговиот дом, при што биле пронајдени предмети со остатоци од марихуана, од кафеава материја и од бела прашкаста материја и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.П.(34) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола во сообраќајот, извршена на 02.04.2024 на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициските службеници го затекнале приврениот, како со свое патничко возило „форд" со струшки регистарски ознаки врши јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај без да поседува лиценца за таа дејност издадена од надлежен државен орган.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.А.(79), В.М.(60) и Ј.К.К.(58) и С.Т.(49), сите од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тие, на катарстарска парцела во Охрид, спротивно од Законот за градење и без да поседуваат правосилно одобрение за градење издадено од надлежен Државен орган, изградиле станбен објект.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.С.(38) и С.К.(36), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „насилство" и „спречување на службено лице при вршење службени дејствија". На 13.04.2024 во угостителски објект во струшката населба „Езерски лозја", тие предизвикале расправија со присутните гости, а потоа пред објектот оштетиле неколку автомобили и физички го нападнале вработениот А.Н.(38) од Охрид, кој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Струга. Двајцата агресивно се однесувале и кон полициските службеници кои пристигнале на местото и презеле службени дејствија.

На 15.04.2024 во 21.30 часот во СВР Скопје, 27 - годишна жена од скопско село пријавила дека во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг С.Б.(29), кој моментално издржувал затворска казна во Казнено - поправна установа Затвор Идризово. Според пријавеното, тој со запалива течност и запалил дел од облеката, по што ги земал децата и заминал од домот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2024 околу 11.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, полициски службеници го лишиле од слобода К.С.(33) од Скопје затоа што во станицата физички нападнал полициски службеници при извршување службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 15.04.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје, од Казнено - поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека во установата, осуденикот А.Б.(39) од Гостивар бил физички нападнат од неколку други осудени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2024 во 14.15 часот во СВР Скопје, З.А.(43) од Скопје пријавил дека околу 11.30 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице, кое му го оштетило и возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2024 во 15.15 часот во СВР Скопје, Ќ.О.(36) од с.Долно Коњари, скопско, пријавил дека околу 10.20 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од А.Н. и А.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, 33 - годишна жена пријавила дека околу 13.30 часот во скопско била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер Д.А.(43) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.04.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.Д.(44) од Тетово и Т.Г.(49) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 15.04.2024 во 16.00 часот, полициски службеници од Полициското одделение Македонска Каменица го лишиле од слобода А.В.(26) од село во Македонска Каменица, постапувајќи по претходна пријава дека на 14.04.2024 се обидел да извршил обљуба врз 68-годишна жена од друго село во Македонска Каменица. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 15.04.2024 во 10.14 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Брусник, битолско, настанал пожар во кука, во која живеела повозрасна жена. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола пожарот бил изгаснат, а жената била извадена од куќата. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 15.04.2024 во 21.50 часот, К.С.(34) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „4 Јули" во Кичево, нејзината малолетна керка била касната од куче скитник. Истиот ден, Ј.П.(190 од Кичево пријавила дека на улицата „11 Септември" во Кичево била касната од куче скитник.

На 15.04.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Карпош, А.А.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Никола Тесла" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.Ш.(33) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" и против Б.Т.(57) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 01.12.2023, првопријавениот со закана со огнено оружје извршил разбојништво во спортска обложувалница, при што одзел пари од дневниот промет, а за време на извршување на делото Б.Т. чувал стража.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.А.(24), З.Х. (53), О.М.(25), М.Д.(34), Е.Ш.(40), А.Ш.(42) и М.К.(25), сите од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени десет кривични дела „злосторничко здружување", „тешка кражба" и „помагање". Во периодот од 11.12.2023 до 17.03.2024 на подрачјето на општина Струмица и пошироко, пријавените извршиле десет кривични дела „тешка кражба", а украдените предмети ги продавале како старо железо.

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.Ф.(41) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 25.04 и 26.4.2023, полициски службеници извршиле претреси кај две лица, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавиле од приврениот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Љ.(43) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.12.2023, полициски службеници извршиле преглед над приврениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против М.З.(62) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи". На 06.08.2023, полициски службеници извршиле претрес во две куќи, сопственост на приврениот, при што биле пронајдени и одземени пушка „Збројовска Брно", пиштол и куршуми со различен калибар.

СВР Струмица поднесена кривична пријава против Б.Н.(32) од Скопје и З.М.(24) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Пријавените, на почетокот на мај 2023 измамиле сопружници од Струмица на начин што понудиле да им помогнат за брзо аплицирање на кредит во висина од 900.000 денари, по што во неколку наврати ми дале вкупно 182.000 денари.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Љ.Г.(43) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумарење". На 13.04.2024 на место викано „Рушени воденици" кај приврениот биле пронајдени 36 кутии разновидни цигари за кои не поседувал никаква документација.
СВР Битола поднесе кривични пријави против Н.Н.(49), А.И.(34) и Б.К.(49) сите од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „вршење јавен превоз без поседување на лиценца". На 23.12.2023, при вршење контрола на повеќе локации на подрачјето на Битола, полициски службеници ги затекнале пријавените како вршат јавен превоз на патници без да поседуваат лиценца за вршење јавен превоз.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouna: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет